ЈКП"Брегалница"-Делчево
Бр. 0102-374 /1
23.12..2019 год.
Д Е Л Ч Е В О

Архива, заве 0102 ТРАЈНО
Рок на чување
23.12. 2019 год.

Врз основа на член 19 став 2 т. 2, член 23 став 5 од Законот за јавни претпријатија , член 15 став 1 точка 2 и член 25 од Статутот на ЈКП "Брегалница"- Делчево, Директорот ја предлага следната:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈКП "БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО ЗА 2020 ГОДИНА

**Вовед**

ЈКП"Брегалница"-Делчево е јавно претпријатие основано од Општина Делчево заради вршење на комунални дејсности кои се од јавен интерес и кои се незаменлив услов во животот на граѓаните и стопанските субјекти во Општина Делчево, и тоа посебно во сферата на дистрибуцијата на вода за пиење и собирањето на комунален цврст отпад.

За успешно извршување на својата дејност а согласно со член 15 и 25 од Статутот на претпријатието на предлог на директорот се донесува Програма за работа и развој на претпријатието.

При изготвувањето на Програмата за работа е појдено пред се од целите и интересите за постигнување на што подобри резултати во работењето врз база на целосно искористување на капацитетите, максимално подигање на нивото на услугите , максимална искористување на вработените и опремата а во исто време максимално намалување на трошоците на работењето.

Во текот на 2020 година ЈКП "Брегалница"-Делчево посебен ангажман ќе посвети на следните дејности:

-дистрибуција на чиста и здрава вода за пиење;
-одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
-собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
-расчистување на диви депонии во градот и руралните населби.
-изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализацинона мрежа и друг вид на јавна инфраструктура;
-чистење и метење на улици и јавни површини;
-одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
-одржување, уредување и управување со градски гробишта;
-одржување на градски пазар;
-одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.
-изградба на нови и реконструкција на постојни пристапни и пешачки патеки и тротоари;
-крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.

За што поуспешно извршување на својата дејност а во согласност со Статутот, претпријатието е организирано во 5 работни единици-Сектори, и тоа:

1.Сектор за Општи и правни работи;
2.Сектор за Финансии, сметководство и комерција
3.Сектор за Водовод и канализација;
4.Сектор за Комунална хигиена;
5.Сектор за Градско зеленило и гробишта.

**Сектор Општи и правни работи**

Секторот за Општи и правни работи ги извршува сите работи што се од заеднички карактер за Претпријатието и останатите работни единици и работите околу правилно и законско функционирање на целокупното работење. Исто така се грижи за сите правни и административно-технички работи (следење на законските прописи, подготвување и усогласување на општите акти, архивирање, евиденција и средување на актите и др.)

Посебен акцент од делокругот на оваа работна единица се става на работите од областа на работните односи-заштитата на правата на работниците и нивно усовршување, информираноста на вработените како и работите од доменот на заштитата на имотот, побарувањата и правата на Претпријатието.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето правната служба е задолжена за преземање на сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците на услуги, односно за таа цел ќе бидат поднесени до надлежните Нотари предлози за донесување на решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа односно ќе бидат покренати постапки за присилна наплата на долгот од нередовните корисници на услуги.

**Сектор Финансии, сметководство и комерција**

Од областа на финансиското работење се врши изготвување на финансиски планови и анализи за работата на Претпријатието, реализација на побарувањата и обврските, изготвување на сметководствени извештаи (периодични и годишни), Годишна сметка, прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период, за работите околу осигурувањето, јавните набавки и комерција како и ажурирање и точно водење на податоците и вршење на наплата на услугите кои ги дава Претпријатието преку службата на инкасатори.

Во координација со останатите работни единици посебно внимание ќе се посвети на наплатата на фактурите од корисниците на услуги односно на зголемување на реализацијата и ефикасноста во работењето како предуслов за квалитетно извршување на услугите.

**ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА ЗА 2019 ГОДИНА**
**(Наплатено до 20.12.2019 за фактуриран период од 01/2019 до 11/2019)**

| Корисници | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата |
|---|---|---|---|
| Физички лица | 29.582.647,00 | 25.263.048,00 | 85,4% |
| Правни лица | 7.575.174,00 | 6.216.760,00 | 82,1% |
| Градски пазар | 1.334.338,00 | 1.144.998,00 | 85,8% |

Со цел намалување на неприходованата вода во 2020 година главен акцент ќе се стави на воведување на модул за мобилно отчитување на водомерите со помош на мобилни телефони со помош на која апликација ќе имаме реална состојба за потрошената вода кај секој корисник и реално фактурирање на услугите кое нешто треба да доведе до зголемување на приходите од вода и канализација.

За спроведување на оваа цел во текот на 2020 година ќе се изврши и ажурирање на базата на корисници.

## ФИНАНСИСКА ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 ГОД СЕКТОР ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ И СЕКТОР ФИНАНСИИ

| РАСХОДИ -конто | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ | Износ |
|---|---|---|
| 420 дел | Бруто плата на административни работници | 1.836.000 |
| 401000 | Канцелариски материјали | 128.899 |
| 401020 | Средства за одржување-управа | 30.636 |
| 402000 | Електрична енергија управа | 800.000 |
| 402020 | Нафта -шкода јети | 180.439 |
| 402021 | Огревни дрва-управа | 280.127 |
| 411000 | ПТТ Услуги | 17.000 |
| 411100 | Фиксна телефонија,интернет | 72.000 |
| 411 | Мобилна телефонија | 103.600 |
| 413011 | Одржување на возила-опел вектра,шкода јети,лада,тико | 250.000 |
| | Други трошоци-режиски(репрезентација,советувања,членарини,сл.весници, дневници за службени патувања, надоместоци за управен одбор,спонзорства ,трошоци за платен промет,данок на имот.....) | 600.000 |
| | Одржување на интегриран софтверски пакет за сметководство | 64.000 |
| 407000 | Автогуми во употреба | 40.000 |
| 419001 | Нотарски услуги,адвокатски услуги | 150.000 |
| 419009 | Осигурување на возила | 20.000 |
| 413 дел | Набавка на електоматеријали за тековно одржување | 37.000 |
| 400 дел | Набавка на материјали и алати | 500.000 |
| 419 дел | Трошоци за изготвување функционална анализа | 100.000 |
| 419 дел | Изработка на Проект за реконструкција на управна зграда | 100.000 |
| | **ВКУПНО** | **5.309.701** |

| ИНВЕСТИЦИИ 2020 | ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА | Износ |
|---|---|---|
| 012000 | Канцелариска опрема | 300.000 |
| | | |

## Сектор Водовод и канализација

Работната единица- Водовод и канализација ги врши сите работи со кои се реализира зафаќање, доведување и дистрибуција на вода, изградба на нови водоводни и канализациони линии, реконструкција и замена на постоечките водоводни и канализациони линии, одржување на филтер станица и пумпни станици како и тековно и инвестиционо одржување на комплетната водоводна и канализациона мрежа во градот и општината.

Снабдувањето со вода за пиење се врши од системот за водоснабдување Брана "Лошана" и постоечките пумпни станици кои се во исправна состојба и се врши нивно редовно одржување така што во случај на енормно високи температури и суши во летниот период истите можат да се вклучат во системот за водоснабдување со што не би имало никаков проблем со водоснабдувањето и во летниот период.

Главна активност и во 2020 година ќе биде тековното одржување и поправката на дефектите на главниот доводен цевковод од Брана Лошана до Филтер станица Тработивиште и од Филтер станицата до влезот на градот Делчево со пречник ф315мм и ф400мм, поправката на дефекти на примарната и секундарната градска водоводна мрежа, и водоводната мрежа во селските населби.

**Преглед на водоводна дистрибутивна мрежа која тековно ќе се одржува-според материјалот на цевките**

| Материјал | Должина (km) | % |
|---|---|---|
| Поцинкувани, Дуктилно железо | 0.22 | 0.29% |
| Азбест цемент | 17.97 | 23.91% |
| Полиетиен (HDPE, MDPE) | 21.32 | 28.2% |
| Поливинилхлорид (PVC) | 35.9 | 47.5% |
| Челични | 0.07 | 0.10 |
| **Вкупно** | **75.587** | **100%** |

Главна цел на оваа работна единица и во 2020 година ќе биде непрекинато снабдување со здрава и исправна вода за пиење до околу 4600 домаќинства и 310 правни субјекти- приклучени на јавниот водоснабдителен систем како и одведувањето на урбаните отпадни води преку канализациониот систем.

**Преглед на приклучоци на вода и канализација по населени места**

| | | Водоснабдување | Водоснабдување | Канализација | Канализација |
|---|---|---|---|---|---|
| **Населба** | **Приклучено население** | **Домаќинства** | **Правни лица** | **Домаќинства** | **Правни лица** |
| Делчево | 11,546 | 3,614 | 300 | 3,560 | 300 |
| Разловци | 601 | 208 | 3 | 208 | 3 |
| Габрово | 654 | 216 | 2 | 216 | 2 |
| Град | 388 | 149 | 1 | - | - |
| Тработивиште | 388 | 182 | 2 | 183 | 2 |
| Стамер | 283 | 96 | 1 | - | - |
| Полето | 168 | 135 | 1 | 85 | 1 |
| **Вкупно:** | **14028** | **4600** | **310** | **4252** | **308** |

Имајќи ги во предвид податоците од претходната година планираната дистрибуција на вода за пиење и планираното одведување на урбани отпадни води во 2020 година по категорија на корисници би изгледало вака:

**Потрошувачка на вода по потрошувачи за 2020 година**

**-Домаќинства**

| | | |
|---|---|---|
| Население | Бр. | 16,111 |
| Приклучено население | Бр. | 14,028 |
| **Процент на приклученост** | **%** | **87%** |
| Просечна специфична потрошувачка | л/лице/ден | 101 |
| **Потрошувачка- домаќинства** | **м3/год.** | **515.265** |

**-Правни лица**

| | | |
|---|---|---|
| Број на корисници | Бр. | 310 |
| Просечна специфична потрошувачка | л/пркл/ден | 523 |
| **Потрошувачка – Правни лица** | **м3/год.** | **59.171** |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНА ПОТРОШУВАЧКА НА ВОДА (домаќинства + правни лица)** | **м3/год.** | **574.436** |

Исто така една од дејностите на оваа работна единица е одржување и чистење на канализациониот систем во градот Делчево и околните села кој е во вкупна должина од 70.5км.

| **Бр.** | **Тип на канализациона мрежа** | **Должина (km)** | **Процент** |
|---|---|---|---|
| 1 | Комбиниран систем за одведување на урбани отпадни води | 69 | 98% |
| 2 | Одвоен систем за одведување на атмосферски води | 1.5 | 2% |
| Вкупно | | 70,5 | 100% |

Во 2020 година се планира да се одведат преку градската канализациона мрежа на отпадни фекални води околу 560.521 м3 урбани отпадни води.

**Одведување на отпадни води по групи на потрошувачи за 2020 година**

**Домаќинства**

| | | |
|---|---|---|
| Население | Бр. | 16,111 |
| Приклучено население | Бр. | 12,836 |
| Процент на приклученост | % | **79%** |
| Специфичен проток на отпадните води | л/лица/ден | 107 |
| **Потрошувачка - Домаќинства** | **m3/год.** | **501.350** |

**Правни лица**

| | | |
|---|---|---|
| Број на крисници – правни лица | Бр. | 308 |
| Специфична потрошувачка – правни лица | л/пркл./ден | 526 |
| **Потрошувачка - Комерцијални/индустрија** | **m3/год.** | **59.171** |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРОТОК НА ОТПАДНИ ВОДИ:** | **m3/год.** | **560.521** |

Бидејќи во изминатата 2019 година не беа изнајдени финансиски средства со кои ќе се реализираат сите планирани активности и во претстојната 2019 година во оваа работна единица се планираат во голем дел истите работни активности.

За реализација на планираните активности во 2020 година во овој Сектор од сопствени приходи се планираат вкупно 1.000.000,00 денари средства за реконструкција на постојни водоводни линии додека остатокот од потребни средства се планираат да се обезбедат од средства од Буџетот на Општина Делчево , средства од Буџетот на РМ (по огласи, конкурси и др.) како и од домашни и странски донатори.

| Планирана активност | Вкупна вредност (денари) | Период на реализација |
|---|---|---|
| Замена на старите азбестни цевки со ПВЦ или ПЕ цевки на ул Пиринска, дел од ул 19 Октомври и дел од ул Орце Николов во населба Ново Делчево во должина од 500 м1 и изградба на заедничкин водомерни шахти на тротоарите. | 1.100.000 | Април |
| Реконструкција на крак на водоводна линија на ул. Питу Гули и ул. Кирил и Методиј во должина од 250м1 со изработка на заеднички водомерни шахти на тротоарите | 900.000 | Мај |
| Замена на старите азбестно цементни цевки со ПВЦ или ПЕ цевки на ул Велко Влаховиќ во населба Милково Брдо во должина од 500 м1 и изградба на заедничкин водомерни шахти на тротоарите. | 1.100.000 | Јуни |
| Замена на старите азбестни цевки со ПВЦ или ПЕ цевки на ул Пере Тошев во нас.Милково Брдо во должина од 600м1 и изградба на заедничкин водомерни шахти на тротоарите. | 1.200.000 | Август |
| Санација на водоводни и канализациони шахти во градот Делчево и селата(Габрово, Град, Стамер, Трaботивиште и Разловци) околу 50 броја. | 300.000 | Апр-Октом |

Во овој Сектор се планирани и активности кои се усогласени со **Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2020 година.**

| Р.б. | Локалитет-населба | Опис на активноста |
|---|---|---|
| 1 | Милково Брдо | Раздвојување на фекална од атмосферска канализација и изградба на нова атмосферска канализација -дел 2 |
| 2 | Ново Делчево | Реконструкција на дел од водоводна мрежа |
| 3 | Станбена зона до СРЦ | Доградба на водоводна мрежа |
| 4 | Станбена зона до СРЦ | Доградба на фекална канализациона мрежа |
| 5 | Станбена зона до СРЦ | Раздвојување на фекалната од од атмосферска канализација |
| 6 | Звегорска река | Довршување на канализација покрај регионален пат Делчево-Берово |
| 7 | Стар Монопол и Стрелиште | Доградба на фекална канализациона мрежа |
| 8 | Стара Партизанка и Пекара | Доградба на водоводна мрежа |
| 9 | Стара Партизанка и Пекара | Доградба на фекална канализациона мрежа |
| 10 | Старо Делчево | Изградба на канализациони линии |
| 11 | Старо Делчево | Канализирање на Пустевски ендек |
| 12 | Стар расадник | Доградба на фекална канализациона мрежа |
| 13 | Басарица | Дорадба на водоводна мрежа |
| 14 | Басарица | Доградба на фекална канализација |
| 15 | Басарица | Изградба на дел атмосферска канализација со колектор кон река Брегалница |
| 16 | Пролет | Изградба на дел од водоводна мрежа |
| 17 | Пролет | Доградна на фекална канализација |
| 18 | Пролет | Изградба на фекална и атмосферска канализација за дел од нас.Пролет |
| 19 | Пролет | Дислокација на главен цевковод ф200 низ населба Пролет |
| 20 | Грамадна | Доградба на водоводна мрежа |
| 21 | Грамадна | Изградба на приклучоци за влез во парцела |
| 22 | Грамадна | Доградба на канализациона мрежа |
| 23 | Грамадна | Изградба на дел од атмосферска канализација |
| 24 | с.Тработивиште | Изгрдаба на филтер станица за вода за пиење |
| 25 | с.Звегор | Довршување на канализација |
| 26 | с.Звегор | Изградба на потисен цевковод и реконструкција на водоводна мрежа |
| 27 | с.Габрово | Довршување на канализација |
| 28 | с.Габрово | Изградба на потисен цевковод и реконструкција на водоводна мрежа |
| 29 | с.Вирче | Реконструкција на водоводна мрежа |

Активностите усогласени со Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Делчево за 2020 година ќе бидат финансирани од Буџетот на Општина Делчево и дел наше учество со работна рака и механизација.

Обемот и динамиката на нивното изврување ќе биде одредено од Општина Делчево.

## ФИНАНСИСКА ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 ГОД
## СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

| **ПРИХОДИ 2020 -конто** | **ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ 2020** | **Износ** |
|---|---|---|
| 740000 | Приходи од вода-правни субјекти | 2.965.000 |
| 740004 | Приходи од вода-физички лица | 14.936.000 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ВОДА** | | **17.901.000** |
| 740001 | Приходи од канализација-правни субјекти | 1.079.000 |
| 740003 | Приходи од канализација-физички лица | 5.219.000 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ КАНАЛИЗ.** | | **6.298.000** |
| 740007 | Приходи од приклучок на водовод | 215.000 |
| 740008 | Приходи од магацин | 30.000 |
| 740084 | Приходи од чистење на канал.-ел.сајла | 60.000 |
| 740085 | Приходи одпродажба на водомери | 200.000 |
| 774 дел;769 дел.... | Вонредни приходи | 40.000 |
| **ВКУПНО** | | **24.744.000** |

| **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ВО 2020 ГОД.** | **Износ** |
|---|---|
| Набавка на електро материјали за тековно одржување-водовод | 648.070 |
| Набавка за огревно дрво-филтер станица | 50.000 |
| Авто гуми во употреба | 300.000 |
| Хтз опрема | 77.628 |
| Набавка на моторни масла и течности/нафта | 460.440 |
| Набавка на алуминиум сулфат и полиелектролит | 900.000 |
| Резерви делови за градежни машини,лада,вектра,фап | 500.000 |
| Набавка на течен хлор во боци | 200.000 |
| Електрична енергија -пумпи | 2.100.000 |
| Осигурување на возила и регистрација | 40.000 |
| Анализа на вода за пиење | 192.000 |
| Телекомуникациски услуги | 21.600 |
| Бруто плати | 10.730.000 |
| Кукни водомери | 680.178 |
| Набавка на водоводни материјали за водоводна линијаи реконструкција на водоводни линии | 3.397.715 |
| Трошоци за дистрибуција на ел.енергија | 500.000 |
| Одржување на возила | 30.000 |
| Трошоци за преглед на работници | 12.000 |
| Набавка на материјали алати | 1.800.000 |
| **ВКУПНО** | **22.639.631** |

### ИНВЕСТИЦИИ ВО 2020 ГОДИНА

| **ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА** | **Износ** |
|---|---|
| Машина за сечење на асфалт | 200.000 |
| Опрема за дехидрирана вар | 150.000 |
| Половно товарно возило | 1.000.000 |
| Ровокопач хмл | 1.947.396 |
| Полутоварно возило (ново) | 1.200.000 |
| Патничко возило (половно) | 300.000 |
| **ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ** | **4.797.396** |

**ЗАБЕЛЕШКА :Очекуваната реализација од испорака на вода и одведување на отпадни води- канализација е земена од бизнис планот на јкп за прилагодување на новите тарифи по закон од регулаторна комисија за предвидена количина вода што се очекува да биде испорачана до крајните потрошувачи и одведување на урбани отпадни води за 2020 год по новите цени дадени и утврдени со решение од регулаторна комисија.**

**План за прилагодување на тарифа на ЈКП Брегалница**

| **Фактурирано вода(предвидено)2020** | **М3** | **Цена 2019** | **Цена 2020** |
|---|---|---|---|
| домакинства | 515.265 | 28,98 | 29,10 |
| Правни субјекти | 59.171 | 51,07 | 50,12 |
| | | | |
| **Фактурирано канализација(предвидено)2020** | **М3** | **Цена 2019** | **Цена 2020** |
| домакинства | 501.350 | 10,28 | 10,17 |
| Правни лица | 59.171 | 18,89 | 18,25 |

**Сектор Комунална хигиена**

Работните активности во оваа работна единица се состојат во секојдневно собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад од домаќинствата како во градот Делчево и приградските населби (Басарица и Ѕвегорска река) така и во селата Тработивиште, Град, Ѕвегор,Габрово и Полето, комуналниот отпад од основните училишта во с. Стамер и с.Вирче и комуналниот отпад од Граничниот премин Делчево како и од излетничките места на планината Голак (Вила Гранит, објектите на ЈП Македонски шуми и на АД Фротирка).

Исто така се врши секојдневно собирање на индустрискиот и комерцијалниот отпад од стопанските субјекти во градот со кои имаме склучено договори.

Во основните дејности на оваа работна единица спаѓа и уредувањето, одржувањето и стопанисувањето со градската депонија Острец на која се врши депонирање на целокупниот отпад.

Покрај редовното и секојдневно собирање на комуналниот отпад, во есенските месеци (Октомври,Ноември и Декември) се врши дополнително собирање и изнесување и на растителниот отпад од дворните места на физичките и правните лица.

За поефикасно извршување на работните задачи од овој сектор изготвен е Оперативен план за собирање на отпадот по денови и улици, со кој е утврден денот во кој се врши собирањето на отпадот од секоја улица, реон или село и кој е составен дел на оваа Програма за работа.

Во 2020 година се планира да се собере вкупно 7.000 тони комунален отпад и тоа од околу 4.900 домаќинства и од околу 300 правни лица согласно Оперативниот план за собирање и депонирање на отпад.

Покрај комуналниот отпад во 2020 година се планира да се собере и депонира и околу 150 тони индустриски и комерцијален отпад од стопански субјекти со кои имаме склучено договори, претежно отпад од кроење од конфекциите во градот.

За вршењето на горенаведените дејности ЈКП "Брегалница"-Делчево за 2020 година ја има следната техничка опременост:

Специјални товарни возила за собирање на отпад:
- MERCEDES 2222,
- IVECO DAILY 65 C 15/35
- MERCEDES 1213

Трактори со приклока:
- Трактор со приколка IMT 539
- Трактор со приколка IMT 565

Градежни машини за уредување на депонија Острец
-Булдожер БНТ 105,
-Ровокопач -утоварач HIDROMEK 102s
-Ровокопач -утоварач JCB 3CX

Товарни моторни возила-камиони:
-MAN 8.136 F 36
-ФАП 1314
-УАЗ Профи

Во 2020 година се планира набавка на уште едно ново или половно специјално возило за собирање отпад со што ќе се подобри услугата и ќе се врши редовно и навремено собирањето на отпадот од домаќинствата и правните субјекти.

Целокупниот отпад од градот Делчево, селата и приградските населби се транспортира и депонира во градска депонија Острец.

Локацијата на депонијата Острец Делчево се наоѓа на оддалеченост од 5,5 км од градот на патот за стариот граничен премин Црна Скала кон Р.Бугарија.

Површината на истата изнесува некаде околу 1,8 хектари. Од сите страни е опколена со шуми.

Од излезот на градот Делчево до самата депонија патот е земјен (неасфалтиран) и тоа ни претставува голем проблем, посебно во зимски услови при снежни врнежи како и при поројни дождови кои го оштетуваат патот и го отежнуваат па дури и целосно попречуваат движењето на нашите возила по истиот. Поради тоа принудени сме самите да ги санираме оштетувањата на патот со пополнување на дупките со песок и порамнување на патот.

Целата депонија е оградена со бетонски столбови и бодликава жица која постојано е мета на несовесни граѓани кои ја оштетуваат и сечат па во текот на 2020 година ќе ја обновуваме и поправаме на местата кои се оштетуваат.

На влезот на депонијата е изградена чуварска куќа со гаража наменета за Булдожерот за чистење на депонијата, која во текот на 2020 година се планира целосно да се опреми и оспособи и со воведување на чуварска службад а се спречат сите злоупотреби и оштетувања кои ги имаме во изминатиот период.

Во 2020 година се планира 6 пати во годината, односно на секои два месеци, целосно чистење на депонијата со градежните машини со кои располагаме како и затрупување и настилање на песок со цел отварање на простор за депонирање на собраниот отпад од домаќинствата и правните субјекти.

Исто така и во 2020 година е планирано чистење на создадените диви депонии на повеќе локации во градот и селата како и редовно чистење на депонијата за инертен отпад (градежен шут) на место викано Ралева Чука.

Во согласност со Планот за управување со отпад на општините од Источно планскиот регион во Р.М. и согласно Проектот за отварање на регионална депонија се најавена ни е донација на едно или две специјални возила за отпад како и на садови за собирање на отпад (контејнери од 1.1 м3 и канти од 120 литри) па се надеваме дека во текот на 2020 година истото и ќе се реализира.

Во 2020 година треба да се реализира и проектот за собирање и селектирање на ПЕТ амбалажата и на отпадот од хартија во кој исто така се вклучени повеќе општини од регионот меѓу кои и Општина Делчево за чија цел ќе бидат поставени садови за селектирање на пластчниот отпад и на отпадот од хартија и нивна припрема за рециклирање.

На крај да истакнеме дека во 2020 година ќе ја продолжиме соработката со НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, со која фирма веќе е склучен договор, и планираме одредување на локација во дворот на ЈПКД Брегалница-Делчево за собирање на : големи и мали домашни електрични апарати, опрема за информатичка технологија, опрема за ,осветлување, елетрични и електротехнички апарати, електрични играчки, инструменти за следење и контрола, кои им претставуваат товар на граѓаните на Општина Делчево а немаат каде да ги одложат и изнесат од нивните домаќинства.

## ОПЕРАТИВЕН НЕДЕЛЕН ПЛАН ЗА СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО 2020 ГОД.

| | МЕРЦЕДЕС 2222 | МЕРЦЕДЕС 1213 | ИВЕКО ДЕЈЛИ 65С (НОВО) | ТРАКТОР ИМТ 565 |
|---|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | Собрание (старо), Здравен дом, Кеј на Брегалница (згради), Градски гробишта (комплет), Манастир, Луна Гив, Зграда Св.Марковиќ, Автобуска, Динго Тир, Извор Комит, Градинка, Градски Пазар, Пензионерски дом, Витекс, Ажур | Бул.Македонија (до Аген за вработување и до Шумско), М.М.Брицо, Ленинова,4 Јули, Скопска, Пиринска,19 Октомври, Орце Николов (дел), Белградска, Титоградска, Пијанечка, Кеј на Ослободување (дел) Дневен центар | Сала Гимназија,СОУ М.М.Брицо Делчевчанка, Графопак, Гранична полиција, Трла,Центар, Стоковна, Хотел, Две липи, Воени згради, Мик Комерц, Лика Чопова, Аполон, Полиција, Пожарно, Зграда до пожарно, Н.Ј.Вапцаров, Дамјанов, Пошта, ООУ Ванчо Прке | Јане Сандански, 11 Октомври, И.Л.Рибар, 29 Ноември, Разловечка, Голачка(над спој со 2 реон) Ванчо Прке (дел) |
| ВТОРНИК | Шумско, Гранит База, Алпин Ком, с.Трaботивиште, Солунска, Македонска, Ѓорче Петров | Голачка (спој со 2 реон), Јане Сандански (дел), И.Л.Рибар (дел),8 Септември, Крушевска,М.Тито (без контејнери центар) Осоговска, Трст, Охридска,Орце Николов (дел),Загребска, Кеј на Ослободување (дел), | ОУ Климент Охридски, Зграда Брод,Зграда социјално, Мирче Ацев, 11 Октомври, Царевоселска, Малешевска, Кочо Рацин, Стар расадник: В.С.Бато, М. Пијаде,М.Х.Јасмин, К.Ј.Питу | Ванчо Прке(дел), Брегалничка, Пустевски ендек, Генерал Темпо, Илинденска, Острец(дел) Влаинска Плачковица (дел) |
| СРЕДА | Кирил и Методиј (под Велко Влаховиќ), Кирил и Методиј (без краци), Пролетерска, Григор Прличев (без краци), Питу Гули (од Кит Го до спој со Ѓорче Петров) | Остец, Иван Милутиновиќ, Голем рид, Чифличка, М.Тито (Стар монопол), Гоце Делчев | с.Габрово с.Град, Центар (дел) Граничен премин Голак | Плачковица, Паланечка, Стар расадник: К.Ј.Питу,Б.Кидрич, В.С.Бато, М.Пијаде, Острец (дел) |
| ЧЕТВРТОК | Рибник Воденица, с.Звегор(главна улица), Климент Охридски, Рударска (без краци), Браќа Миладинови (без прв и последен крак), Сервис и Салон за мебел во Фротирка, Оникс Вал, ,КитГо(магацин), Кожара, Индустриска со контејнери, Сервисна,Бонд,НЕФИ | Првомајска, Даме Груев, Никола Карев, Вера Јоциќ (дел), Велко Влаховиќ Партизанска | с.Звегор Краци на улици: Кирил и Методиј, Пере Тошев Григор Прличев, Рударска Браќа Миладинови | нас.Пролет, Нас. под Звегорска река Звегорска река, Разловечко востание |
| ПЕТОК | Рудине, Пијанечки клас (пекара), Делком, Палтекс (касарна), Бул. Мазкедонија (згради), Крзно, Оки Пром, Сидра, ЕВН трафостаница, Полето, Капсаров, ММц Прогрес, Лукатекс, Макпетрол, Терминал (комплеѓ), Автовозач ФЕР, Македонијапат, ЕВН (доле), Центар за дијализа, Технозавод, Палтекс, Фротекс, Фротирка, Градски Пазар, | Бул. Македонија (до Агенц за вработување и до Пресинг), М.М.Брицо, Вера Јоциќ, Партизанска, Пере Тошев Питу Гули (дел) | Сала Гимназија,СОУ М.М.Брицо Делчевчанка, Центар, Стоковна, Хотел, Трла, Две липи, Воени згради, Мик Комерц (контејнер), Пошта Трендтекс, Фротирка кујна | Басарица Полето, Содра Благој Стојменов, Григор Прличев(со краци), Велко Влаховиќ(со краци), |

**ФИНАНСИСКА ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 ГОД**
**СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

| ПРИХОДИ 2020 - конто | ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ | Износ |
|---|---|---|
| 740002 | Приходи од собирање на смет-правни субјекти | 3.225.000 |
| 740005 | Приходи од собирање на смет-домакинства | 8.380.000 |
| 740069 | Приходи од чистење на депонија од инертен смет | 100.000 |
| | **ВКУПНО** | **11.705.000** |

| РАСХОДИ 2020- конто | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ | Износ |
|---|---|---|
| 420000 | Бруто плати на работници во сектор к.хигиена+Режиски- управа | 8.415.000 |
| 402дел | Расходи за нафта /уље за специјални возила | 2.042.048 |
| 401 дел | Расходи за ХТЗ Опрема | 103.504 |
| 404 дел | Расходи за резервни делови | 1.985.071 |
| 407 дел | Отпис на авто гуми во употреба | 560.000 |
| 411 дел | Расходи за мобилна телефонија | 11.400 |
| 419дел | Осигурување на возила | 40.000 |
| 413 дел | Одржување на возила | 30.000 |
| 449 дел | Трошоци за лекарски преглед на работници | 12.000 |
| | **ВКУПНО** | **13.199.023** |

**ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2020 ГОДИНА**

| ИНВЕСТИЦИИ 2020 | ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Набавка на специјално возило за собирање отпад | 3.000.000 |
| 2. | Трактор-нов | 1.000.000 |
| 3. | Контејнери и канти за отпад | 1.200.000 |
| | **ВКУПНО** | **5.200.000** |

**Сектор Градско зеленило и гробишта**

Во делокругот на работната единица за одржување и уредување на паркови, јавни и зелени површини и речни корита е предвидено редовно планирање на зелените површини во градот, нивно уредување со соодветни видови зелени и цветни насади, со култури од висок саден материјал, изразито стручно градинарско уредување со окопување и чистење на осушени и застарени гранки.

За извршување на дејностите овој Сектор располага со следната машинска опрема:

- Четири бензински моторни косилки -Agrina 515;
- Четири рачни моторни косилки-тримери -Husqvarna 553RS;
- Две моторни косилики со седиште;
- Една тракторска косилка McCullock M200-107 TC (комбинирана за косење трева и чистење снег)

Во 2020 година се планираат следните работни активности:

-Уредување на Градскиот парк во површина од 7500 м2 : Засадување на сезонско цвеќе; машинско косење на тревник и прихранување на тревни површини со арско ѓубре и поставување на ивичњаци околу озеленетите површини;

-Уредување на паркот пред споменикот на Гоце Делчев со езерца: засадување на украсни зимзелени дрвца и грмушки на површина од 3500м2, засадување на сезонско цвеќе, машиско косење на тревникот и прихранување на тревата со арско ѓубре.

-Уредување на Паркот на Кеј на Ослободување во површина од 10.000 м2 со машинско косење на тревник и прихранување на тревни површини со арско ѓубре, секојдневно чистење, метење и собирање на отпадоци од пешачките патеки и тревникот и засадување и одржување на украсни дрвца и грмушки.

-Уредување на коритото на река Габровчица од мостот кај Општина Делчево до крајот на урбанизираниот дел од градот низ кој поминува река Габровчица со отстранување на дрвјата по коритото и усмерување на водотекот какои и подигање и одржување на тревни површини од двете страни на реката;

Покрај горенаведените активности за подигање на нови и доуредување на постојни јавни зелени површини и паркови ЈКП Брегалница-Делчево врши редовно-тековно одржување на градското зеленило и на градските паркови кое ги опфаќа следните работи:

-Машинско косење на трева;
-Рачно косење на трева;
-Гребулење,собирање и изнесување на тревата со количка;
-Кастрење, утовар и изнесување на гранки и лисја од дрва и грмушки;
-Сечење на плевел по патеки и ивици на тротоари;
-Полевање(рачно и со распрскувачи) на тревни површини и жардинерии;
-Окопување на украсни дрвца, грмушки и прашење на ружи;
-Сечење на суви дрва и врби;
-Кроење на зимзелени и цветни грмушки и алпиниуми;
-Садење на сезонско цвеќе;
-Засејување на трева;
-Прихранување на тревни површини со ѓубрива;
-Поправка и фарбање на парковски клупи и реквизити во паркови и игралишта;

За реализација на погоренаведените активности од буџетот на јавното претпријатие во 2020 година за хортикултурно уредување (цвеќе и украсни садници) се планирани вкупно 200.000,00 денари а за набавка на косилки се планирани 150.000,00 денари и за набавка на нова машина за метење на улици се планирани 2.700.000,00 денари.

Вкупни површини --градско зеленило и паркови
кои редовно ги одржува ЈКП "Брегалница"-Делчево

| Р. бр. | Локација-место | Површина во м2 |
|---|---|---|
| 1 | Кеј на река Брегалница | 10.000 |
| 2 | Кеј на река Габровчица | 10.000 |
| 3 | Градски парк пред Спомен дом АСНОМ | 7.500 |
| 4 | Парк со езерца пред споменик на Гоце Делчев | 4.500 |
| 5 | Парк на Кеј на Ослободување | 10.000 |
| 6 | Парк пред Стопанска банка | 250 |
| 7 | Парк пред комплекс Делчевчанка | 200 |
| 8 | Мини парк со фонтана на спој ул. Г. Делчев и П.Гули | 100 |
| 9 | Скверови, косини | 4.600 |
| 10 | Озеленети стази на Бул. Македонија | 2.000 |
| 11 | Жардинерии на Бул.Македонија, ул М.М.Брицо и М.Тито | 8.000 |
| 12 | Универзално спортско игралиште зад стар Пожарен дом | 390 |
| 13 | Детско игралиште во Стар расадник | 80 |
| 14 | Детско игралиште Милково Брдо -ул. Григор Прличев | 250 |
| 15 | Детско игралиште Милково Брдо -ул. Велко Влаховиќ | 200 |
| 16 | Детско игралиште Милково Брдо -ул. Питу Гули | 200 |
| 17 | Градски стадион | 6500 |
| | **ВКУПНО** | **65.770м2** |

## ФИНАНСИКСИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИТЕ И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ДЕЛЧЕВО

Со оглед на тоа што ЈКП "Брегалница"-Делчево во фактурите за комунални услуги за правни и физички лица не наплаќа надоместок за одржување на паркови и зеленило како што е пример во некои општини целокупните средства потребни за извршување на предвидените активности ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево по претходно изготвени фактури врз основа на извештаи за извршени работи од страна на ЈКП "Брегалница"-Делчево и по цени утврдени со оваа Програма.

СПЕЦИФИКАЦИЈА

На потребни финансиски средства за тековно одржување на паркови и зелени површини

| Работна операции | Локација-место | Површ. | Пов во год. | Вк. повр/кол | Ед. мерка | Ед. цена без ДДВ | Вк. цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машинско косење на трева | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, Мини парк ул Питу Гули, скверови и косини, стази, жардинерии, Грдаски стадион | 63 650 | 12 | 763.800 | м2 | 1.00 | 763.800 |
| Рачно косење на трева | Скверови и косини, спортски игралишта, детски игралишта | 2120 | 12 | 25440 | м2 | 2.00 | 50.880 |
| Гребулење, собирање и изнесување на тревата со количка | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, Мини парк ул Питу Гули, скверови и косини, стази, жардинерии | 57 150 | 12 | 685.800 | м2 | 0.30 | 205.740 |
| Кастрење, утовар и изнесување на гранки и лисја | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, скверови и косини, стази Бул Македонија | | | 40 | м3 | 200.00 | 8.000 |
| Сечење на плевел по патеки и ивици | Парк АСНОМ, стази Бул Македонија, жардинерии, скверови, детски игралишта | 22 120 | 4 | 88.480 | м2 | 1.00 | 88.480 |
| Полевање рачно и со распрскувачи на тревник | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, Мини парк ул Питу Гули, скверови и косини, стази, жардинерии | 57 150 | 12 | 685.800 | м2 | 0.20 | 137.160 |
| Окопување на дрвца, грмушки и прашење ружи; | стази Бул Македонија, жардинерии, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев | | | 250 | бр. | 15.00 | 3.750 |
| Сечење на суви дрва и врби | Кеј на Брегалница, Кеј на Габровчица, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, | | | 50 | бр. | 150.00 | 7.500 |
| Кроење на зимзелени и цветни грмушки и алпиниуми | стази Бул Македонија, жардинерии, Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев Парк кај спом, Гоце Делчев,скверови | | | 150 | бр. | 50.00 | 7.500 |
| Садење на сезонско цвеќе од сопствено производство | Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка,скверови и косини, Стази и жардинерии | | | 3000 | Бр. | 7.00 | 21.000 |
| Засејување на трева | Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, скверови и косини, стази и жардинерии | | | 1000 | м2 | 20.00 | 20.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прихранување на тревни површини со арско ѓубре | Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка,скверови и косини, Стази,жардинерии | | | 1.000 | м2 | 20.00 | 20.000 |
| Поправка и фарбање на парковски клупи и реквизити | Парк АСНОМ, Парк кај спом, Гоце Делчев, Парк Кеј на Ослободување, Парк Стопанска банка, Парк комплекс Делчевчанка, детски игралишта | | | 30 | бр. | 100.00 | 3.000 |

Повлекувањето на средствата за одржување на парковите и зеленилото од Буџетот на Општина Делчево ќе биде врз основа на склучен договор со Општина Делчево по доставени месечни фактури-ситуации за извршени работи од страна на ЈКП "Брегалница"-Делчево.

Покрај горенаведените дејности во оваа работна единица исто така спаѓа и одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево.

Активностите кои ќе се вршат во одржувањето на јавната чистота се предвидени во Програмата за одржување на јавна чистота која секоја година ја донесува Советот на Општина Делчево.

Во одржување на јавната чистота ЈКП "Брегалница"-Делчево ќе се ангажира за следните работи предвидени подетално во Програмата за одржување на јавната чистота:

- Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други отворени јавни површини;
- Миење на улиците;
- Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосферски наноси,
- Расчистување на диви депонии и
- Чистење на снегот и мразот од тротоарите и пред јавните објекти.

Во склоп на оваа работна единица а согласно Законот за комунални дејности ЈКП"Брегалница"-Делчево врши и одржување и управување со градски гробишта(водење евиденција за гробни места, резервации и уредување на градски гробишта)

Во 2020 година се планирани : поплочување на просторот околу чешмите со бехатон плочки, фарбање на влезните капии и на столаријата на објектите на гробиштата, како и поставување на улично осветлување и изградба на пешачки патеки.

ЈКП"Брегалница"-Делчево стопанисува со градскиот зелен пазар лоциран времено позади Домот на културата на ул. "С.Марковиќ". Пазарот зафаќа површина од околу 1500м2.

Имајќи предвид дека е тоа само времена локација која не одговара за таквата намена и не ги исполнува пропишаните законски услови неопходно е утврдување на трајна локација и изградба на современ пазар.

ЈКП "Брегалница´-Делчево како субјект кој стопанисува со постоечкиот пазар во 2020 година планира тековно одржување и поправка на постоечките пазаришни тезги и другите постоечки објекти на пазарот.

**ФИНАНСИСКА ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 ГОД ВО СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА**

| ПРИХОДИ-конто | ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ | Износ |
|---|---|---|
| 740067 | Приходи од одржување на паркови и зеленило | 1.200.000 |
| 740037 | Приходи од управување со гробишта | 165.000 |
| 740 дел | Приходи од пазарна такса | 1.300.000 |
| 740063 | Приходи од дозвола за влез во гр.гробишта | 170.000 |
| 740045 | Приходи од такса од полигон | 150.000 |
| 740044 | Прходи од одржување на јавна чистота | 1.700.000 |
| 740028 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 60.000 |
| 740029 | Приходи од гробна такса | 700.000 |
| 740030 | Приходи од ново гробно место | 200.000 |
| 740015 | Приходи од резервации на гробно место | 15.000 |
| 740 дел | Приходи од одржување на граничен премин | 460.000 |
| 747000 | Приходи од закуп на гр.објект гробишта | 61.000 |
| | **ВКУПНО** | **6.181.000** |

| РАСХОДИ-конто | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ | Износ |
|---|---|---|
| 420дел | Бруто плати на работници/+администрација¼ бруто плата | 6.500.000 |
| 413дел;415; 404 дел 401 дел; 402 дел | Трошоци за одржување на паркови и зеленило+хортикултурно уредување | 300.000 |
| 401 дел | ХТЗ Опрема | 77.628 |
| 402 дел | Потрошена нафта и уље | 180.439 |
| 400 дел | Набавка на електроматеријали | 60.000 |
| 404 дел | Резерви делови-косачки | 100.745 |
| 402 дел | Ел.енергија-стакленик | 100.000 |
| 411 дел | Мобилна телефонија | 11.400 |
| 400 дел | Набавка на материјали и алати | 500.000 |
| | **ВКУПНО** | **7.830.212** |

**ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 2020 ГОДИНА**

| ИНВЕСТИЦИИ 2020 | ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА | Износ |
|---|---|---|
| 012000 | Машина за метење на улици | 2.700.000 |
| 012000 | Косилки | 150.000 |
| | **ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ** | **2.850.000** |

Средствата за финансирање на сите планирани активности во Програмата за работа за 2020 година ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево со средства од прибрани приходи по основ на уредување на градежно земјиште за 2020 година, одобрени средства од Владата на РМ (по огласи, конкурси и др.) од редовни приходи на ЈКП Брегалница-Делчево како и од домашни и странски донатори.

23.12.2019 год.
Делчево

ЈКП Брегалница-Делчево
Д и р е к т о р
Стојче Стојковски

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево